**201000644**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за радиодифузната дејност,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јануари 2010 година.

Бр. 07-118/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/2005, 19/2007 и 103/2008), во Главата II во насловот на точката 1 зборовите: “јавно радиодифузно претпријатие“ се бришат.

Член 2

Во членот 12-а зборовите: “јавното радиодифузно претпријатие и над“ се бришат.

Член 3

Во членот 12-б зборовите: “јавното радиодифузно претпријатие или“ и зборовите: “претпријатие, односно“ се бришат.

Член 4

Во членот 12-в зборовите: “над јавното радиодифузно претпријатие или“ се бришат.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".